# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 11.04.2006 година

**Заклучоци и препораки од 7.седница на НСП**
одржана на ден 07.04.2006 година

1. **Усвојување на записникот од 6.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои Записникот од 6.седница на НСП.

2. **Извештај од работата на работната група на Националниот совет за платни системи на Република Македонија за постапките на носителите на платен промет за затворање на неактивните сметки.**

   НСП го усвои Извештајот на Работната група и препорача:
   Проблемот со неактивни сметки банките треба да го разрешуваат со претходно предвидување на обврски и механизми во самите договори со комитентите за отворање на сметка. Искуството од другите земји покажува дека се користат и механизми преку тарифната политика на банките за дополнителни трошоци на комитентите за држење на неактивна сметка за подолг период со што самите комитенти би побарале затворање на овие сметки. Што се однесува на постојната состојба на голем број неактивни сметки, НСП препорача банките писмено да ги повикаат комитентите, кои подолго од 1 година немаат трансакции, да ги затворат и известат за пренесување на салдата на соодветни други сметки за кои постои правен основ за идентификација на правен континуитет за работа. Со цел унифицирн пристап кон ова прашање, целокупната постапка на укинување на неактивните сметки да се разреши спогодбено помеѓу банките преку нивното Здружение на банкарство и осигурување при Стопанска комора на Македонија.

3. **Предлог на измени и дополнувања на Упатството за начинот и постапката за отворање и затворање на сметка во склад со новиот Закон за стечај.**

   НСП го усвои предлогот и прпепорача Министерството за финансии како надлежна институција да го донесе текстот на предложените измени.

4. **Неусогласеност на Законот за измени и дополнувања на Законот за платен промет со конечниот верификуван предлог од Националниот совет за платни системи на Република Македонија.**

   НСП беше известен од преставникот на Министерството за финансии дека се работи за амандманска интервенција во дефиницијата за расположиви средства при донесувањето на Законот. НСП препорача работната група на НСП на заеднички состанок со стручните служби од Министерството за финансии надлежни за оваа област, да го разгледа постојното законско

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 310-8108 (Централа); + 02 310-8282
Факс: + 02 310-8357 (Централа); + 02 312-2109
Телекс 51415 NARBAM MB

решение од аспект на дефинираниот поим сметка во Законот и неговата практична имплементација. Министерството за финансии, врз основа на заклучоците од работниот состанок, да даде толкување со цел единствена примена на законското решение од страна на сите носители на платниот промет.

5. **Барање мислење во врска со донесувањето на новиот Закон за даночна постапка.**

НСП препорача Министерството за финансии да се произнесе за неусогласеноста на Законот за даночна постапка (член 142) со Законот за платен промет и Законот за извршување со цел да се разрешат дилемите во практичната имплементација на одредбите на законите кои се однесуваат на присилната наплата (Колизија меѓу одредби од различни закони кои се во важност). Заради ургентноста НСП препорача Министерството за финансии да му додели итен приоритет на ова прашање и во рок најкасно до крајот на идната недела (14.04.2006) да се разреши со цел практична имплементација на обврските на носителите на платен промет кои произлегуваат од овој Закон.

6. **Информација за употреба на платните инструменти во Република Македонија во 2005 година.**

НСП беше запознат со содржината на Информацијата за употреба на платните инструменти во Република Македонија во 2005 година која е и јавно достапна на официјалната интернет страница на Народна банка на Република Македонија и ги разгледа отворените прашања од страна на членовите на НСП.

НСП по однос на Информацијата препорача:

1. Со цел еднаков пристап за сите носители на платен промет по однос на пријавувањето на сметките на физичките лица во ЕРИС, носителите на платен промет да ги пријават сите сметки преку кои се врши плаќања врз основа на договорен однос со клиентите за ваков вид на сметки и трансферите на средства на/од другите сметки на клиентите врз основа на друг вид на договорен однос со клиентот (штедни влогови, орочени депозити и сл.) да се врши преку пријавените сметки за плаќање.
2. Одстранување на употребата на непропишани налзи при вршењето на платниот промет и придржување кон единствена употреба на платните инструменти (во Информацијата други налози).
3. Да се актуелизира прашањето за постоење на различни системи за порамнување на картичките со акцент на намалување на трошоците за порамнување и помасовна примена на картичките како алтернатива на готовинските плаќања.

НСП ја прифати и препораката за соработка со УЈП во делот на статистички информации за број на продажни места и фискални апарати на истите, заради поопширен пристап на прашањето на прифаќањето на картички од страна на трговците.

Емилија Нацевска с.р.
Вицегувернер,
Претседател на
Националниот Совет за платни системи